Друштво за трговија и услуги
ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД
Бр. 03-745/22
29.09.2020 год.
СКОПЈЕ 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1604/4
29.09.20 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

склучен помеѓу:

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче" бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган од една страна како **Потрошувач на електрична енергија**, и

2. **Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје,** со седиште на бул. „Климент Охридски" бр.30 Скопје, со ЕДБ: 4080012531832 и ЕМБС: 6822380, жиро с-ка 210-0682238001-39, Депонент на НЛБ Банка АД, застапувано од одговорното лице Георгиос Лантзас од друга страна како **Снабдувач со електрична енергија**

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ
## Член 1

Предмет на договорот за јавна набавка е Набавка на електрична енергија.

Со овој Договор се уредуваат условите и начинот на снабдување со електрична енергија, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на Снабдувачот и Потрошувачот.

Предметот на набавка од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација, изработена од Потрошувачот, а по Одлука за јавна набавка од 06.08.2020 год., за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со користење со електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавна набавка се склучува врз основа на прифатена понуда поднесена од Снабдувачот во електронска форма преку ЕСЈН, по Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр.11633/2020 објавен на ЕСЈН на ден 13.08.2020 год., во „Службен весник на РМ" бр.202/20 и врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда од 04.09.2020 година, донесена од одговорното лице на Потрошувачот.

## СНАБДУВАЊЕ И ОТЧИТУВАЊЕ НА МЕРНИТЕ УРЕДИ
## Член 2

Снабдувачот ќе го снабдува со електрична енергија Потрошувачот врз основа на неговите потреби.

Потрошувачот се обврзува да купува електрична енергија од Снабдувачот на сите мерни места со кои Потрошувачот е поврзан на мрежите на преносниот и/или соодветните дистрибутивни оператори.

Мерењето на електричната енергија со која бил снабден Потрошувачот ќе го врши Операторот на електродистрибутивниот систем преку мерни уреди кои ги вградува, одржува, контролира и менува согласно закон и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Отчитувањата на мерните уреди, Операторот на електродистрибутивниот систем ги доставува до Снабдувачот.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на Договорот за јавната набавка, согласно чл.3 од Одлуката за јавна набавка вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, и вклучени трошоци за балансирање изнесува 4.237.288,13 ден. без ДДВ, односно вкупно планираните средства за реализација на договорот се во висина од 5.000.000,00 ден. со вклучен ДДВ 18 %.

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Кочани, Програма ЕО, Ј3, ставка 421.

## ПРЕСМЕТКА И ФАКТУРИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА СО КОЈА БИЛ СНАБДЕН ПОТРОШУВАЧОТ

**Член 4**

Снабдувачот на Потрошувачот ќе му доставува сметка (фактура) во неговата архива во оригинал, за електричната енергија со која го снабдил за соодветниот пресметковен период во која прецизно и недвосмислено ќе бидат презентирани измерените количини на електрична енергија, согласно Правилата за снабдување со електрична енергија и според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака.

**Периодот на снабдување е една година и ќе започне на 01.10.2020 година.**

Цената за електрична енергија со која бил снабден потрошувачот ќе биде фиксна во целиот период на снабдување, нема да биде предмет на промени и ќе изнесува:

- **1.180,80 ден. без вклучен ДДВ / MWh** во текот на часовите во висока тарифа, односно во периодот меѓу 07:00 и 22:00 часот секој ден освен недела,

- **4.682,10 ден. без вклучен ДДВ / MWh** во текот на часовите во ниска тарифа, односно меѓу 22:00 и 07:00 часот и цел ден недела

Тарифите за Организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ) и за надомест за обновлива енергија (ОЕ) ги утврдува Регулаторната Комисија за Енергетика на Република Македонија, односно Операторот на електропреносниот систем, и ќе се наплаќаат заедно со сметката (фактурата) за потрошена електрична енергија.

Во сметките за потрошена електрична енергија ќе бидат содржани следните елементи:

- потрошена електрична енергија,
- тарифата за организирање на пазарот на електрична енергија (ОПЕЕ)
- надомест за обновлива енергија (ОЕ)
- како и други давачки или надомести кои можат да бидат наметнати со закон, а за кои Снабдувачот ќе го информира Потрошувачот благовремено.

Пресметковниот период ќе изнесува еден месец.

**Член 5**

Снабдувачот ќе му издаде фактура на Потрошувачот за потрошената електрична енергија како што ќе биде отчитано на мерните места преку кои Потрошувачот се снабдува со електрична енергија.

Најавата на потрошувачката на електрична енергија кон Операторот на пазарот во име на Потрошувачот, без надомест, ја врши Снабдувачот.

Снабдувачот ќе ги покрие сите трошоци за балансирање на потрошувачката на Потрошувачот, и Потрошувачот нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

Снабдувачот ќе го зачлени Потрошувачот во својата балансна група без надомест.

Снабдувачот ќе му ја доставува сметката (фактурата) за потрошена електична енергија на Потрошувачот во рок од 15 дена по завршување на пресметковниот период.

Снабдувачот ќе го информира Потрошувачот за сите промени на крајната цена што Потрошувачот ја плаќа, а која настанала поради промени во тарифите.

Снабдувачот ќе ја води и ажурира документацијата во врска со наплатата фактурирањето и наплатата на фактурите.

Потрошувачот се обврзува сметката (фактурата) од претходниот став да ја плати во рок не подолг од 30 дена по завршување на пресметковниот период. Плаќањата по доставените фактури ќе се вршат преку банкарска трансакција, на жиро сметка на Снабдувачот, наведена во фактурата и во овој Договор.

Потрошувачот ќе го информира Снабдувачот за промена на динамиката на потрошувачка на електрична енергија единствено во услови на несакани хаварии и дефекти, или планирани ремонти и планирани редукции во потрошувачката поради колективни годишни одмори или верски празници, во накјус можен рок, но не подоцна од 14 дена пред отпочнување на планираните ремонти и/или други планирани активности кои дополнително ќе влијаат на потрошувачката на електрична енергија.

Размената на информации ќе се води исклучиво помеѓу овластени лица и на овластени контакт информации.

Во случај на доцнење на плаќање на сметката односно фактурата од страна на Потрошувачот, Снабдувачот има право да наплати и законска казнена камата.

Потрошувачот кој од било која причина не добил фактура должен е да побара копија од истата.

**КОМЕРЦИЈАЛНИ УСЛОВИ**
**Член 6**

Потребите за пријавување нови мерни места, одјавување користени мерни места, промена на корисник на мерните места како и промена на тарифната категорија на мерните места Потрошувачот ќе ги комуницира, покрај до мрежниот оператор, паралелно и до Снабдувачот.

**ОГРАНИЧУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИН НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО УСЛОВИ НА**
**ВИША СИЛА И НАСТАНИ НА ПРЕКИН**
**Член 7**

Во случај на појави и настани што претставуваат виша сила (земјотрес, поплава, пожар, јавни немири, демонстарции, воени конфликти и сл.) или настани на прекин (непланирано намалување или прекин на капацитетот на оптоварување како резултат на технички причини и појави во високонапонските мрежи од изворот на енергија до местото на испорака), односно настани кои Снабдувачот не може да ги контролира, да ги предвиди или надмине (настани вон контрола на Снабдувачот), Снабдувачот има право да бара од потрошувачот да ја ограничи (намали) или прекине потрошувачката на електричната

енергија со цел да се зачува интегритетот и стабилноста на електроенергетскиот систем, согласно Законот за енергетика.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТА
**Член 8**

Потрошувачот има право на надомест на штета од Снабдувачот доколку комерцијалните услуги на Снабдувачот се со понизок квалитет од стандардниот утврден со Правилата за снабдување со електрична енергија.

**Член 9**

Доколку Потрошувачот претрпи штета поради лош квалитет на мрежните услуги, тогаш при утврдена одговорност на Операторот на дистрибутивниот систем, Снабдувачот ќе обезбеди правна помош во постапка за надомест на штета на Потрошувачот пред надлежните органи и/или суд.

## ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
**Член 10**

Снабдувачот согласно Известување бр.05-1604/2 од 11.09.2020 во благовремен рок му достави на Потрошувачот банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот бр.72242.8 од 16.09.2020 издадена од Комерцијална банка АД Скопје во висина од 250.000,00 ден. со времетраење на важност на истата до 31.10.2021 год., односно до целосна реализација на договорот, во еден оригинален примерок, неотповиклива, непреносliva и наплатива безусловно на прв писмен повик.

Со Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Снабдувачот се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ја испорача електричната енергија која е предмет на овој договор.

Гаранцијата се наплаќа во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот за јавна набавка согласно договореното, при што Потрошувачот писмено ќе го извести Снабдувачот дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот.

За наплатата на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Снабдувачот може да покрене спор пред надлежниот суд.

Потрошувачот ќе ја врати банкарската гаранција од ст. 1 на овој член на Снабдувачот, во рок од 14 (четиринаесет) дена, по истекувањето на важноста на договорот, односно по целосна негова реализација.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот Нарачателот му ја враќа на Снабдувачот по пошта, лично во седиштето на Потрошувачот или лично во седиштето на Снабдувачот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ
**Член 11**

Потрошувачот може со писмено барање да побара од Снабдувачот раскинување на договорот за снабдување, со отказен рок од 45 дена.

**Член 12**

Снабдувачот може да го раскине договорот за снабдување со електрична енергија, согласно со Правилата за снабдување со електрична енергија.

## ЗАВРШНИ И ДРУГИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Потрошувачот е должен да го извести Снабдувачот за секоја промена на податоците од овој Договор во рок од 15 дена од настанувањето на промената.

**Член 14**

За сите прашања кои не се уредени со овој договор ќе се применуваат одредбите од позитивните законски и подзаконски акти и прописи.

**Член 15**

Сите спорови кои ќе произлезат од остварувањето на правата и обврските од овој Договор договорните страни ќе настојуваат да ги решаваат спогодбено преку преговори, а доколку истото не биде можно ќе решава стварно и месно надлежен суд.

Договорот е склучен и потпишан во 6 (шест) истоветни примероци, од кои 4 (четири) за Потрошувачот, а 2 (два) за Снабдувачот.

Снабдувач
ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС
АД Скопје
Одговорно лице
Георгиос Лантзас

Потрошувач

Општина Кочани
Градоначалник
Николчо Илијев

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за правни и општи работи –Венцо Бојков*